РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА
НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ
Бр. 02-112/1
14.04 20 21 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак 0203
Рок на чување 1-год.
14.04 20 21 год.
Потпис

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СИСТЕМАТИЗАЦИЈАТА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Април, 2021 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр.143/2019 и 14/2020), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018), Директорот на Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи на ден 14.04.2021 година донесе:

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи бр. 08-318/1 од 31.12.2015 година, број 03-60/1 од 01.02.2019 година и тоа:

Во Глава 2 во член 6, член 7 и член 8 (посебни услови за работни места на административните службеници од кетегориите Б, В и Г) во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа - познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За сите ниво на категорија –Б преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2(А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат

- За сите ниво на категорија - В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2(А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите ниво на категорија - Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1(А1) нивото на ЦЕФР односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

**Член 2**

Во Глава 2 во член 6, член 7 и член 8 (посебни услови за работни места на административните службеници од кетегориите Б,В и Г) во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава/останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење .

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко опоштество и администрација.

**Директор**

**Dr.Kaltrina Beqiri**